По пат на демократско гласање на референдуми за независност, на крвави граѓански војни и помали воени судири, но и на интервенции на меѓународната заедница и безбедносни (воени) сојузи на геополитичката карта на Балканот во актуелниот период од 1991 година сѐ до денес се надополни со следните држави: Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, како и квази-државните единки со де-факто независен или полунезависен федерален статус како Косово, Република Српска и Федерацијата Босна и Херцеговина кои не се членки на ОН. Во рамки на геополитичката карта на Балканот во целост влегуваат и териториите на претходно постоечките независни држави Бугарија, Грција, Албанија. Различните дефиниции во зависност од појдовното стојалиште, односно од историски, политички, културолошки аспект, како дел од Балканот вклучуваат и држави чии помали делови од територијата спаѓаат во физичко-географските граници на Балканскиот Полуостров како што се: Турција, Романија, а некои автори ја сметаат како балканска држава дури и Молдавија (Данфорд, Британика: 2014) која во минатото била дел од Отоманската Империја. Сепак, за потребите на ова кратко истражување во однос на примената на геополитичките концепти на Хартленд и Римленд, предвид ќе се земат само природните физичко-географски граници и државите кои целосно влегуваат во нивниот состав. Постојната геополитичка карта на Балканот се одликува со висок степен на фрагментираност и расцепканост, доколку се земат предвид сите меѓународно признаени и непризнаени политички територијални единки кои се 13 на број со просечна големина од 40.000 км^2 (Илиќ, 1995). Покрај ваквите одлики кои во најголема мера може да се земат како причини за високиот конфликтен потенцијал на Балканот, ваквата политичко- географска карта овозможува примена на геополитичките концепти на Хартленд и Римленд и препознавање на простор кој соодветствува целосно или делумно на нивните значења, дефиниции и сфаќања. Имајќи предвид дека првично и оригинално овие концепти се замислени и применети на глобално-светско ниво, во овој труд тие се применети и споредени со географските и актуелните услови замислувајќи го Балканот како своевиден микрокосмос.

ХАРТЛЕНД (HEARTLAND) НА БАЛКАНОТ

Несомнено, најзначајниот геополитички концепт кој всушност самиот по себе претставува и основа на геополитиката, со што воедно се одржува со својата релевантност, сѐ до денешни дни е концептот на Хартленд (или срцевината на светот).

Концептот и поимот, како што е добро познато е создаден од британскиот научник и политичар сер Џон Халфорд Макиндер. Во неговиот концепт поттикнат од британските империјалистички интереси, Хартленд првично претставен како стожерна област (Pivot Area), е географски сместен во длабоката внатрешност на Евроазија (Коен, 2003: 13), во непристапните копнени предели од каде што е лесно достапно за напад секое место на „Светскиот Остров" така што со можноста за лесно одбивање на поморските сили како неминовна последица од поседот на оваа област произлегува светска доминација. Од гледна точка на Макиндер, Хартленд именуван и како „светска тврдина" е првично подрачје на подвижност (мобилност) на копнените сили, непристапно за поморските сили (Џонс, 1955: 498). Во тоа време како главна поморска сила во светот доминирала Велика Британија, па оттаму геополитичката замисла за Хартленд на Макиндер била во контекст на јакнењето на начините за копнена подвижност кои сѐ повеќе влијаеле за зголемување на моќта на британските соперници – копнено заснованите империи и големи сили како Русија и Германија. Земајќи ги предвид актуелните збиднувања и настани во своето време, Макиндер ќе го надополни, преосмисли и ревидира својот концепт за Хартленд на двапати. Еднаш во 1919 година, проширувајќи ги границите на областа сметана за Хартленд вклучувајќи ги областите на Источна Европа од литоралот на Балтичкото до Црното Море како најважен дел во неговата значајна изрека за контролата на светскиот остров и доминација со светот. Следната измена на концептот била направена во 1943 година, кога покрај повторна промена на границите (исфрлување на средишните и источните делови на Сибир – т.н. Леналенд) била главно насочена кон промена на теоретското значење на самиот концепт. Имено, во оваа ревизија Макиндер го променил суштинското значење на концепцијата на Хартленд од арена на подвижност (област на мобилност на копнените сили) во средиште („тврдина") на моќ заснована на луѓе, ресурси, суровини, внатрешни сообраќајни-комуникациски линии и јадро на индустриската инфраструктура (Коен, 2003: 16). Поради ваквата промена на значењето на концептот настанало распространување на употребата на поимот Хартленд за повеќе различни делови во светот, што придонело до тоа термниот да се дефинира повеќе од аспект на тоа што е отколку каде се наоѓа (Џонс, 1955: 494-499). Ова всушност значи дека употребата на концептот Хартленд во двете значења, како јадро на копнените сили во смисла на област каде што подвижноста е олеснета и место од каде што може лесно и едноставно да бидат нападнати сите останати поврзани места или како јадро на моќта заснована на човечките, природните и индустриските ресурси во комбинација со поволната географска положба и услови, каде

што и во двата случаи контролата на овие подрачја овозможува изгледи за доминација – може да биде применета насекаде во светот, како на глобално така и на регионално ниво. Во таа смисла, коцнептот на Хартленд може да биде применет и разгледан и во однос на Балканот, како што ќе биде прикажано подолу во текстот.

Во однос на географските одлики на Балканот во контекст на Хартленд како средишна област од каде што лесно може да се нападнат и доминираат сите останати места, земајќи ги предвид актуелната геополитичка карта и границите воспоставени по 1991 година, Македонија и Србија несомнено сочинуваат и претставуваат Хартленд (на Балканот). Македонија и Србија се сместени во централниот дел на Балканскиот Полуостров, двете без излез на море и со самото тоа непристапни за поморски сили, но со извонредно поволен релјеф кој овозможува лесен пристап до секој предел на Балканот, а воедно ги поседуваат и главните сообраќани и комуникациски оски и артерии. Положбата на Македонија и Србија како Хартленд на Балканот е непосредно и посредно искажана и потврдена во повеќе трудови, анализи, книги и размисли на домашни и странски-светски автори, стратези и политичари, како и од практичните случаи од историјата и тековните збиднувања во регионот. Македонија како средишна држава на Балканот несомено претставува Хартленд на Балканот (Милески, 2005: 79). Во тој контекст е и постојаната и непроменлива централна положба на Србија околу „природните траектории" на Балканскиот Полустров (Илиќ, 1995). Македонија ја поседува стратешки извонредно значајната Вардарска Долина која со својот композитен релјефен состав на клисури кои наизменично се надополнуваат со котлини и поврзаноста со долините и сливовите на своите притоки кон исток и запад претставува првостепена природна оска на комуникација од север кон југ до Егејското Море и второстепено претставува место каде што се вкрстуваат сообраќајните врски од исток кон запад. Извонредно големото значење на Вардарската Долина и Македонија воопшто, се истакнати повеќепати низ историјата, особено за време на Балканските војни и Првата светска војна, кога е преземено геополитичкото решение за поделбата на Македонија како последен остаток од Отоманската Империја. Големото геополитичко и геостратешко значење на Македонија може исто така да се заклучи и од мислата на поранешниот српски премиер Никола Пашиќ во стилот на Макиндеровите изјави: Историјата покажува дека оној кој ја поседува Македонија бил секогаш прв на Балканот (Јамбаев, 2003. Шатилова, 1992: 189. Никовски, 2013: 238-239). Дополнително, Македонија се наоѓа во центарот на балканскиот геополитички крст (Котовчевски, 2011: 227) што дефинитивно ја потврдува положбата на

Македонија како дел од своевидниот балкански Хартленд. Исто така, Србија ја поседува долината на Морава којашто, исто така е оска каде што се вкрстуваат сообраќајните рути од исток кон запад. Но, сепак, најзначајно е тоа што долините на Вардар и Морава се меѓусебно географски поврзани во правец север-југ со меѓународниот пан-европски коридор 10 и на тој начин со својата географска положба претставуваат Хартленд на Балканот. Следните геополитички согледувања и опсервации, исто така, ја потврдуваат оваа претпоставка за положбата на Македонија и Србија како балкански Хартленд. Вардарската Долина која завршува со устието во Солунскиот (Термајски) Залив, а е сместена во срцето на Македонија, поврзана со долината на реката Морава сместена во централниот дел на Србија, која, пак, се влева во Дунав, кој продолжува понатаму на север до некогашната чехо-словачка граница, завршувајќи на реката Висла (во Полска) е идентификуван како Централноевропски коридор од страна на познатиот чехословачки политичар Милан Хоџа во неговиот предлог за Дунавска Федерација (Крејчи, 2005: 253). Во предавањето на Хоџа за Чехословачка и Централна Европа, одржано во март 1931 година, овој коридор сместен во срцето на Балканот, заедно со Западноевропскиот коридор се во толку голем степен вклучени и внедрени во геополитиката на европскиот континент, при што тие се гледани како коридори исклучително важни за цивилизацијата и организацијата на Европа (Крејчи, 2005: 252-253). Според светски познатиот и навистина влијателен автор во геополитиката Ив Лакост, еден од најзначајните елементи на Балканот е „стратегиската оска" Морава-Вардар (Диакону, 2012: 122). Оваа изразита природна оска којашто ги поврзува Дунав и Егејското Море претставува единствен вистински лесен пат кој ги поврзува големите рамнини на средишното и долното течение на Дунав со најзначајниот сегмент на Средоземното Море, поради што почнувајќи од 19-иот век нејзиното поседување беше цел на неколку спротивставени „големи стратегии" како што се: турската, српската, бугарската, албанската и грчката (Диакону, 2012: 123). Целта за поседување на оваа стратегиски важна оска (особено на Вардарската Долина во случајот на Македонија) во стратегиите на „внатрешните" балкански играчи, всушност истовремено претставувала дел и од големите стратегии на „надворешните" играчи - големите сили како Русија (во случајот на Санстефанска Бугарија) и Австро-Унгарија. Со својата положба Македонија, исто така, претставува главен транспортен коридор од Западна и Централна Европа до Егејското Море и Јужна Европа (ЦИА, 2014) и воедно место каде што се вкрстуваат меѓународните пан-европски коридори 8 и 10. Следствено, Србија има слична позиција преку контролата на една од главните копнени рути од Западна Европа кон

Турција и Блискиот Исток (ЦИА, 2014) и истовремено претставувајќи крстосница на меѓународните пан-европски коридори 7 и 10. Со положбата на своите територии и сообраќајната инфраструктура Македонија и Србија преку патна и железничка мрежа ги поврзуваат источниот дел на Балканот (Бугарија и Романија) со западниот (Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска), како и јужниот дел (Грција и европскиот дел на Турција) со внатрешноста на Европа на север, што дефинитивно овозможува големи изгледи за лесна експанзија во воен и економски поглед. Геополитичката и геостратегиската важност на оската Вардар-Морава како стожер и Хартленд на Балканот се потврдува и преку планот за изградба на пловен канал кој ќе ги поврзува овие две долини со што ќе се овозможи пловидбата од Дунав (а оттаму и Рајна, Северното Море и Атлантскиот Океан) до Егејското Море (а оттаму во Средоземното Море преку Суецкиот Канал во Индискиот Океан). Идејата за изградбата на овој пловен канал настанала уште во 19 век (Јовановски, 2011), а во последните години е повторно актуелизирана со предлозите и иницијативите на српската до македонската влада, како и со подготвеноста на кинеската државна градежна компанија која ја истакна профитабилноста од изградбата во 2013 година (Курир, 2013). Од воено-безбедносен аспект, територијата на Македонија има предности во поглед на лесна одбрана благодарение на високиот планински релјеф на границите кои ја заградуваат внатрешноста која пак овозможува лесен пристап, односно претставува средиште за евентуален напад кон сите четири правци. Покрај тоа, близината и многу кратко то растојание до Егејското (80 км) и Јадранското Море (100 км) (Милески, 2005: 161) надополнета на тешкопристапниот планински и ридски релјеф во внатрешноста на грчката и албанската територија ѝ дава висока вредност на македонската територија во однос на лесно одбивање на било каков надоаѓачки напад или амфибиска инвазија на поморско-копнени сили додека истовремено пружа и големи можности за брз и успешен напад и пробив за заземање на контролата на овие крајбрежја. Слично на ова, територијата на Србија со исклучок на покраината Војводина која се наоѓа во Панонската Низина северно од реките Дунав и Сава (што се смета за природна физичка северна граница на Балканскиот Полуостров) е лесно одбранлива благодарение на релјефниот состав со долините на притоките на Морава кон запад, југ и исток, обезбедува можности за напад кон сите четири правци, особено кон внатрешноста на Босна и Херцеговина, Црна Гора и нејзиното крајбрежје на Јадранското Море, како и североисточниот дел на Бугарија каде што е сместен нејзиниот главен град Софија. Врз основа на изнесеното може да се претпостави и до одреден степен да се заклучи дека одлуката за поделбата на Македонија

во 1913 има многу значајно геополитичко значење во спречувањето на формирање на една единствена држава со излез на Егејското Море и контрола над сите точки на пристап како што се речните долини во Егејскиот Слив. Покрај разгледувањата на географските релјефни карактеристики и положбата на областа која е овде сметана за Хартленд на Балканот, неколку позитивни примери од историјата ја потврдуваат претпоставката дека поседувањето и контролата на териториите на Македонија и Србија е од клучно значење за проширување и доминација на целиот Балкан. Имено, македонското кралство на Филип II и Алексадар III Македонски во антиката, средновековното македонско царство на Самоил, Римската, Византиската и Отоманската Империја кои се појавиле, односно произлегле од овој простор или, пак, по освојувањето на оваа средишна област (Хартленд), набргу потоа се прошириле и се здобиле со контрола на целиот Балкански Полуостров. Земајќи ја предвид констелацијата на политичката моќ на Балканот по 1991, како чинител во севкупната геополитичка анализа на овој географски простор препознаен како Хартленд на Балканот, забележителна е една заедничка и поврзувачка одлика во однос на геополитичката позиција на државите кои го сочинуваат овој средишен стожер на Балканот. Додека сите други делови и држави околу и на границите на оваа средишна област (т.н. Римленд, како што ќе биде објаснето подолу во трудот) се интегрирани и се дел од НАТО, двете држави од кои се состои оваа централна област не се членки на овој воен сојуз, ниту пак има изгледи дека ќе станат во блиска иднина, иако тие официјално се стремат, активно придонесуваат (Македонија) и соработуваат (Србија). Во таа смисла, од самитот на НАТО во Букурешт во 2008 по јавно искажаните грчки намери за вето (Лунгеску, 2008) и усогласениот усвоен став од земјите членки на НАТО, дека Македонија ќе добие покана за членство по решавањето на спорот за името, наспроти пресудата на Меѓународниот суд на правдата од 2011 година, јасниот недостаток на можност за решение поради спротивставените позиции на Македонија од аспект на заштита на правото, слободата и идентитетот и Грција од аспект на геополитички калкулации и придобивки од блокадата, очигледно е дека Македонија нема да стане полноправна членка на подолг рок. Имајќи го предвид фактот дека по спротивставените односи со НАТО поради интервенцијата и бомбардирањето за време на Косовската криза во 1999, Србија во 2007 година официјално објави воена неутралност преку усвојување парламентарна резолуција во декември истата година (Ејдус, 2012: 229), се чини дека двете држави кои го сочинуваат балканскиот Хартленд нема да бидат интегрирани во НАТО алијансата во подолг временски период во иднината. Сепак, членството на сите други соседни држави, блиската соработка

и активната вклученост во евроатлантските интегративни процеси, не оставаат простор за било какви неочекувани геополитички пренасочувања како што се склучување на меѓусебен сојуз наспроти останатите држави или склулување сојуз со надворешни актери – големи сили со што би се довело до единствена и заедничка геополитичка позиција - посед на срцевината на Балканот што, пак, може сериозно да ја наруши стабилноста на регионот. Уште еден интересен факт кој ги поврзува државите кои го сочинуваат балканскиот Хартленд е тоа дека тие споделуваат голем број сличности во поглед на религијата (и покрај долгогодишниот меѓусебен црковен спор), јазиците, политичката и популарната култура, степенот на економски и општествен развој, навики и верувања. Во прилог на овие поврзувачки показатели за државите од балканскиот Хартленд се и резултатите од неодамнешната анкета на јавното мислење на граѓаните во Македонија кои покажуваат дека по Турција (со 16%) за најпријателска земја се смета Србија со 12,2% (Дневник, 2013). Згора на тоа, во врска со размислувањата кон петте соседни држави со 42,5% од македонските граѓани Србија се смета за најпријателски настроен сосед (Макфакс, 2013).

Што се однесува до второто теоретско сфаќање на концептот на Хартленд како област која е јадро на моќта во однос на човечките, природните и индустриските ресурси, прилично е тешко да се идентификува една единствена срцевина-Хартленд на Балканот. Имено, Балканскиот Полуостров има прилично ниско ниво на економски развој во споредба со Западна, Централна и Северна Европа (Илиќ, 1995), а дополнително во поглед на економската интегрираност и меѓузависност на земјите првенствено во индустриски и ресурсен аспект, целиот регион се одликува со прилично слаба и недоволна развиеност. И покрај фактот што балканските земји имаат до одреден степен умерено развиена интеракција и интеграција во трговски и пазарен аспект, сепак Балканот не претставува единствен економски ентитет кој има свое јадро во поглед на човечките, природните и индустриските ресурси во комбинација со поволната географска положба и услови, како што е тоа случај со Европската унија и определените јадра како Рур, Сар, Шлезија итн. Во таа смисла секоја балканска држава има свои сопствени области кои не се поклопуваат во целост како јадра на човечките, природните и индустриските ресурси. На пример, јадрото на човечките ресурси и индустриската база на Македонија се наоѓаат во и околу главниот град Скопје во долината на реката Вардар, додека јадрото во однос на рудните богатства е распрснато во североисточниот и западниот дел за металните руди, југозападниот дел за наоѓалиштата за јаглен, а производствената база за производство на храна е, исто

така, распределена во Пелагонија за жито и југоисточниот дел на државата односно Струмичката Котлина и долниот тек на долината на Вардар за производство на зеленчук. Слично е и во однос на Србија, каде што популационата и индустриската база се наоѓа во близината на главниот град на северниот крај на долината на Морава во басенот на Дунав и Сава, додека другите бази на природни ресурси како што се рудните наоѓалишта и производството на храна се распределени во источниот и северниот дел на државата, соодветно. Интересно од геополитички аспект е тоа што најголемите резерви на јаглен и лигнит, односно над 70% од рудните наоѓалишта и 90% од наоѓалиштата на јаглен (Томпсон, 2012: 489) кои се од суштинско значење за енергетската безбедност и стабилност на Србија се наоѓаат на просторот на Косово. Со овој недостаток на ресурси Србија беше дополнително погодена од стратешки аспект. Оваа распрснатост на базите на човечките ресурси и индустријата концентрирани околу главните градови и јадрата на природните ресурси во различни делови на државата е својствена и присутна во сите балкански држави: Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора како резултат на автентичниот историски развиток на националните економии и централистичките тенденции спроведувани во периодот на комунизмот. Дури и Грција која не била под комунистичко владеење не отстапува од овој тренд, со јадро во производствтото на храна и индустријата во северниот дел на државата и концентрација на човечките ресурси околу главниот град. Сепак, врз основа на показателите во однос на богатството со рудни наоѓалишта, човечките ресурси во делот на демографската состојба, како и географската положба во средишниот дел на Балканот, опкружено од три страни со Македонија и Србија, Косово може делумно да се препознае како балкански Хартленд во смисла на ресурсно јадро. Но, иако Косово ги има најбогатите резерви на јаглен (14 милијарди тони лигнит) и метални руди (олово, цинк, осмиум) не само на Балканот туку и во Европа, кои според одредени проценки се доволни за искористување за следните 13 века (Флаундерс, 1998), највисоките стапки на природен прираст и наталитет во однос на човечките ресурси, централната положба во регионот, сепак во целост не може да претставува Хартленд на Балканот. Ова се должи на ниската, односно неразвиена индустриска база, највисоките стапки на невработеност и низок степен на образование, но најповеќе поради тоа што не претставува област која ги привлекува интересите на другите држави, со исклучок на Албанија и Србија, да се судрат и борат за неговото поседување. Накратко, покрај неколкуте помали области кои се јадра во различни региони во рамките на полустровот, на Балканот не постои една единствена област која е јадро или Хартленд од стратешко

значење во економски и ресурсен аспект за чија контрола се војувало во минатото, како што е тоа случај со областите Сар, Рур, Шлезија или појасот „Сина Банана" (Blue Banana Belt) во Европа, ниту пак постои таква област која е цел на територијалните претензии од националните стратегии на балканските држави во актуелниот период по 1991 година.

РИМЛЕНД НА БАЛКАНОТ

Пред да се посветиме на анализата на балканскиот Римленд, неопходно е да ги елаборираме основните претпоставки на таа теорија. Николас Спајкман (1893-1943) претставува директен наследник на доктрината на Махон во геополитички смисол. Тој ја сметал геополитиката како важен инструмент на меѓународната политика, како аналитички модел кој ќе овозможи најдобри и најефективни стратегии. (Желтов, 2012:162). Спајкман е автор на „Американската стратегија во светската политика" и „Географија на мирот", публикувани во 1942 и 1944 година. Спајкман промовира две географски величини во светската политика и тоа Стар и Нов Свет. Првиот го сочинуваат Евроазија, Африка, Австралија и помалите острови кои се наоѓаат во близина на споменатите континенти, додека вториот или Новиот Свет го сочинуваат Америка и западната хемисфера. Двата света, според Спајкман се испреплетуваат еден со друг преку Атлантскиот и Тихиот Океан. Основна карактеристика на Новиот Свет е неговата хегемонистичка суштина под влијание на САД, додека Стариот Свет е разделен и во него недостасува доминирањето на една сила. Според анализите на Спајкман најдобра стратегија на САД во поглед на одржување на разединетоста на Стариот Свет е истата да се валоризира преку активна надвореш-на политика. Таквата определба САД би можела да ја реализира преку воспоставување сојузи со послабите држави во тој регион. Спајкман ја парафразира познатата фраза на Мекиндер на следниот начин:

Кој го контролира Римланд, тој управува со Евроазија;

Кој управува со Евроазија, тој ја определува судбината на светот.

Значењето на приморските или маритимни области произлегува од отворениот пристап до сите трговски патишта. Во рамките на светките маритимни области можеме да ги вклучиме следните геополитички региони: Англо-америка и Карибите, маритимна Европа (еден дел од државите на Балканот) и Магребските држави, Азија, Јужна Америка и Африка јужно од Сахара. Геополитичките подрачја не ги опфаќаат сите територии, бидејќи надвор од нив се наоѓаат три независни региони: Јужна Азија, Блискиот Исток (shatterbelt – чувствителна зона), како и Средна и Источна Европа. Целиот Балкан можеме да го

окарактеризираме како чувствителна зона, затоа што претставува стратегиско подрачје во кое настапила политичка фрагментација како резултат на влијанието на маритимното (таласократија) и континенталното (телурократија) подрачје.

Доколку ја аплицираме теоријата за Римленд на Балканот, ќе видиме дека токму по тие претпоставки се одвиваа интеграциските процеси на државите во регионот. Првичното проширување на НАТО и ЕУ со Бугарија, а потоа и Хрватска, како и вклучувањето на Албанија во НАТО – држави во маритимниот дел на Балканот, јасно ја потврдува појдовната премиса на овој труд. Очекуваното вклучување на Црна Гора во НАТО, најверојатно планирано за 2015 година, ќе биде уште една контролна хипотеза која ќе ја потврди појдовната премиса за значењето на државите од балканскиот Римленд.

Бугарија со својата геополитичка положба и маритимни карактеристики, е неопходна за спојување на јужното крило на НАТО со нејзините членки Грција и Турција. Оваа геостратегиска и геополитичка алка е од непроценливо значење за идните процеси на проширување на Алијансата кон исток, конкретно кавкаскиот регион (Грузија). Бугарија се наоѓа на јужното крило на познатата „врата на народите", односно во широката проодна зона помеѓу планината Урал и Црното Море. Геостратегиската важност на Бугарија произлегува од претпоставката дека во случај на регионална или светска војна, територијата на Бугарија ќе претставува солидна стратегиска основа за преземање воени операции од големи размери, особено кон југ и кон исток, притоа потпирајќи се на европското војувалиште како простор најопремен со воена инфраструктура, ресурси и воени сили. Територијата на Бугарија целосно се наоѓа во зоната на малоазиско-панонскиот, односно панонско-малоазискиот можен стратегиски правец на дејствување кој се протега до блискоисточните региони богати со нафта, до средноевропските урбано-индустриски региони за кои нафтата претставува важен стратегиски ресурс. Истовремено, Бугарија остварува контрола на две значајни пловни артерии. Прво, контрола над црноморско-средноевропската пловна артерија која се одвива по реката Дунав и системите од пловни канали во северозападна Европа и како второ, делумна контрола над средоземноморско-црноморската пловна артерија која има големо воено и економско значење за речиси сите европски држави. Источниот дел на Бугарија претставува солидна основа за заштита на централниот дел на Балканот, затоа што претставува погоден мостобран во случај на воена инвазија од исток. Исто така, низ нејзината територија поминуваат комуникациските коридори број 4, 8, 9 и 10 (Ниш-Софија) кои ја поврзуваат Европа со блискоисточните региони. (Милески, 2005:193).

Хрватска треба да претставува „gateway" држава на Балканот. Што значи нејзиното членство во НАТО и ЕУ? Нејзиното значење произлегува од контактната положба на геостратегиските подрачја, геополитичките региони на Хартленд и Источна Европа со регионите на маритимна Европа и Магреб, како и со допирот на европските региони, Средна и Југоисточна Европа. Теоријата за Хрватска како „gateway" држава, според Цвртила, треба да овозможи Хрватска да стане важен фактор на економски план, да ја промовира политичката стабилност и безбедност на регионот (Cvrtila, 2000: 164). Хрватска, според Бжежински, претставува дел од демократскиот мостобран кој го сочинува Западна Европа како мостобран на САД во Евроазија. (Brzezinski, 1999: 52-53). Силните залагања на Германија за независноста и интегрирањето на Хрватска во евроатлантските интегративни процеси, јасно покажува дека таа претставува интересна сфера на Германија заради можноста за валоризирање на нејзината положба како маритимна држава и дел од балканскиот Римленд. Ваквите констатации јасно укажуваат дека Хрватска била значајна алка во заокружувањето на западните интереси во југоситочна Европа, што несомнено, ги забрза интегративните процеси и придонесе кон создавање на современата политичко-географска и геополитичка слика на регионот, доминантно базирана на концептот за Римленд.

Анализирајќи го концептот на Римленд, во контекст на современата концептуализација на политичката карта на Балканот, исто така, не може да се прескокне Албанија. Албанија како маритимна држава, ја контролира Отранската Врата и влезот во Јадранското Море. Таа претставува значајна маритимна држава која во рамките на Балканот има солидна геополитичка валоризација, генерирајќи заокружена поставка на Римленд теоријата за овие простори.

Република Албанија го зазема западниот дел на Балканскиот Полуостров. По распадот на Варшавскиот договор, територијата на Албанија добива големо геостратегиско значење, особено за НАТО, заради неговата потреба од зголемување на оперативната длабочина за дејство на јужното крило. Понатаму, просторот помеѓу Драч, Валона и Елбасан претставува погоден оперативен простор, за собирање, стратегиско прегрупирање и логистичка поддршка на сили за евентуална инвазија кон запад. Најкратката оддалеченост помеѓу Апенисниот Полуостров и албанскиот брег кај Отрантската Врата изнесува 70 км, а најдолгата 810 км на линијата Валона – Венеција. Високопланинскиот релјеф на територијата на Албанија го заштитува средишниот дел на Балканот. Оттука, нејзината контрола е значајна за сите случувања кои се однесуваат на централниот дел на

Балканскиот Полуостров. Просторот на Албанија се наоѓа на оддалеченост од околу 30 км од косовско-пелагонискиот оперативен правец на дејства и околу 120 км од вардарско-моравскиот оперативен правец. Двата правци претставуваат најпогодни копнени проодни зони за преземање воени операции кон север и кон југ.

Конечно, Грција може да се смета како чисто поморски позиционирана држава која географски ги поврзува двете крила на целиот појас на балканскиот Римленд. Извонредно важната геостратешка положба на Грција во рамки на балканскиот Римленд произлегува од нејзината контрола на целиот предел на поморските линии и патишта од излезот на стратешки важните Дарданели (и Босфор - т.е. турските теснеци), преку целото Егејското Море, каде што нејзините територијални води зафаќаат 35% од неговата површина (врз основа на посед од само 6 наутички милји додека според грчките повикувања на правото на 12 наутички милји тие би опфатиле 63,9%) (Милески, 2005: 72), Медитеранот кон Јонското Море блиску до влезот во басенот на Јадранското Море. Исто така, Грција поседува голема рамница од Солун во јужниот дел на долината на реката Вардар, кој обезбедува територијалната база со пониско значење за блокада на продор од балканскиот Хартленд, но несомнено нејзината најголема важност е поседувањето на целата област на поморско заобиколување на Балканот.

Вредно е да се напомене дека во поширокиот геополитички и геостратегиски контекст, двете клучни геостратегиски точки или мореузи кои се значајни за балканскиот Римленд (Отрантската Врата и Босфор и Дарданели) имаат исламско-католички предзнак, а воедно се под контрола на НАТО алијансата. Овие две извонредно значајни мореузи кои всушност претставуваат chokepoints (теснеци/тесни грла) според терминологијата на Махон, покрај тоа што го потврдуваат значењето на балканскиот Римленд, тие укажуваат на уште поголемото значење на Балканот во пошироки регионални и глобални рамки особено во контекст на источното средоземје и Црното Море, кое ги поврзува глобалниот евроазиски Хартленд и Блискиот Исток.

ЗАКЛУЧОК

Од изнесеното во овој труд и анализа на постојната геополитичка слика и мапа на Балканот преку апликацијата на основите геополитички концепти на Хартленд и Римленд, може да се извлечат повеќе заклучоци од аспект на географската положба односно разместеност на државите и од аспект на нивната примена во контекст на геополитичките дејствија на внатрешните и надворешните актери и чинители. Од гледна

точка на географската распореденост на државите на актуелната геополитичка карта на Балканот по 1991 апликацијата на основните геополитички концепти на Балканот земен како микрокосмос покажува дека на тука може јасно да се препознаат, идентификуваат и определат региони кои се Хартленд и Римленд според своите физички и политичко-географски одлики. Со својата централна положба, недостапноста за поморските сили и поволноста за напад и доминација на регионот, Македонија и Србија несомнено го сочинуваат балканскиот Хартленд. Повеќе анализи на балкански и светски стратези, политичари и геополитички автори како и заедничките политички, просторно-географски, инфрструктурни, сообраќајни, воено-безбедносни, историски и културни одлики недвосмислено ја потврдуваат положбата на Македонија и Србија како своевиден Хартленд на Балканот. Во однос на заемно поврзаниот концепт на Римленд, географски погледнато целиот појас на приморски држави кои копнено го опкружуваат балканскиот Хартленд може јасно да биде препознаен како Римленд на Балканот. Во состав на балканскиот Римленд влегуваат: Бугарија, Грција, Албанија, Црна Гора и Хрватска. Државите од Римлендот на Балканот, имаат силно влијание и значење за развојот на целиот регион, особено од аспект на реалните геополитички дејствија и случувања во периодот по Студената војна. Анализата на концептите за Хартленд и Римленд ни покажа дека концептуализацијата на современата политичка карта на Балканот, од аспект на западните интеграциски процеси, се базира на концептот за Римленд. Со оглед на актуелниот момент во кој сите држави од балканскиот Римленд се дел од НАТО алијансата додека земјите на балкнскиот Хартленд се надвор од овој сојуз без изгледи за полноправно членство на подолг рок, ваквите состојби отвораат сериозни можности за инклинирање на надворешни фактори кои би пројавиле сериозен интерес за контрола на балканскиот Хартленд. Во тој контекст можат да се препознаат стратегиските акции кои во одредени временски периоди можат да се очекуваат од Русија, па и од Кина. Кина пројавува доста голема инвестициска активност, автопатски солуции во Македонија, контрола на пристаништа во Грција, изградба на железничка инфраструктура по главната балканска комуникациска оска. Русија преку проектот за Јужен поток, исто така, отвора можности за валоризирање на потенцијалното значење на балканскиот Хартленд. Ваквите актуелни процеси укажуваат на извонредно голема важност на Балканот во контекст на глобалната геополитика и активностите на големите светски актери кои несомнено ќе се одвиваат и ќе може да се анализираат според линиите на концептуализацијата на засебните Хартленд и Римленд на геополитичката карта на Балканот.

Мапа 1: Хартленд на Балканот

Мапа 2: Римленд на Балканот

ЛИТЕРАТУРА:

1. Анкета на МЦМС: Србија најпријателски, Грција најнепријателски сосед. Макфакс, 29 Декември 2013 - http://makfax.com.mk/326075/anketa_na_mcms__srbija_

najprijatelski__grcija_najneprijatelski_sosed

2. Chinese claim: Channel Danube – Morava – Vardar is profitable. Kurir, September 25, 2013. - http://kurir.mk/en/2013/09/25/chinese-claim-channel-danube-morava-vardar-is-profitable/

3. Cohen, Saul (2003). Geopolitics of the World System. Rowman & Littlefield Publishers.

4. Danforth, Loring (2014) Balkans. Encyclopedia Britannica - http://www.britannica.com/EBchecked/topic/50325/Balkans

5. Diaconu, Florin (2012) Geopolitical and geo-strategic status of Serbia on the Danube: The road from geopolitical pivot to geopolitical player (active actor) in: Danube strategy – strategic significance for Serbia. Edited by: Nevenka Jeftic Sarcevic and Edita Stojic Karanovic. Institute of International Politics and Economics, Belgrade

6. Ejdus, Filip (2012). State building and images of democratic soldier in Serbia. In: Democratic Civil-Military Relations: Soldiering in 21st Century Europe. Edited by: Sabine Mannitz, Routledge.

7. Flounders, Sara (1998). Kosovo: "The war is about the mines". July 30th, Workers World Newspaper - http://www.iacenter.org/folder04/kosovo_mines.htm

8. Ilic, Jovan (1995). The Balkan geopolitical knot and the Serbian question. In: The Serbian Questions in the Balkans. University of Belgrade, Faculty of Geography. - http://www.rastko.rs/istorija/srbi-balkan/jilic-knot.html

9. Jones, Stephen B. (1955) Global Strategic Views. Geographical Review, Vol. 45, No. 4 (Oct. 1955).

10. Jovanovski, Dobrivoje (2011) Morava – Vardar (Axios) Navigation Route - http://danube-cooperation.com/danubius/2011/11/28/morava-vardar-axios-navigation-route/

11. Котовчевски, Митко (2011). Национална безбедност. Филозофски факултет, Скопје.

12. Милески, Тони. (2005) Македонија – Рубикова коцка на Балканот. Филозофски факултет, Скопје.

13. Krejci, Oskar (2005). Geopolitics of the Central European Region: The view from Prague and Bratislava. Lulu Publisher

14. Lungescu, Oana (2008). "Nato Macedonia veto stokes tension". April 2nd, BBC News. - http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/7329963.stm

15. Македонците најдобро мислење имаат за Германија, најпријателска земја е Турција. Дневник, 22 Декември 2013 - http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=58DBBBFFCDF7E34089B82FA69EA9A12D

16. Никовски, Ристо. (2013) Улогата на САД во македонските голготи (1991-2013). Скопје

17. Thompson, C. Wayne (2012) Nordic, Central and Southeastern Europe 2012. World Today series, Stryker Post

18. Todorova, Marija (2009). Imagining the Balkans. Oxford University Press.

19. Yambaev, L. Mikhail (2003). Armed conflict in 2001 in Macedonia and development of the political situation in the country - http://www.guskova.ru/misc/balcan/2003-12-23 (on Russian) there cited from: Schatilova, L.V. (1992) Macedonian question during the Balkan Wars of 1912-1913. In: Russia and politics. Balkan studies. Russia and Slavs. Issue 15.

20. Vlatko Cvrtila: Republika Hrvatska – gateway prema jugoistočnoj Europi, Politička misao, vol. XXXVII, br. 1, 2000., str. 164.

21. Желтов, В.В, Желтов, В.М. (2012) Геополитика: История и теория. Москва: Визовский учебник.

22. Нартов, Н.А, Нартов В.Н. (2013) Геополитика. Москва: Юнити.

351.749:323.285   original scientific article

THE ROLE OF POLICE IN COUNTERTERRORISM

УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

Tanja Milosevska, Ph.D.

Faculty of Philosophy-Institute of security, defence and peace, Republic of Macedonia

tmilosevska@gmail.com

Abstract: Today's police face a range of tactical challenges that, while not necessarily new, require an evolved operational response.

In the new millennium, policing throughout the world has gradually more taken on contemporary security role, such that it might be expected that policing should be rapidly changing to meet its new challenges and to deal with contemporary security threats.

This paper seeks to answer the question "What are police doing to counter terrorism?" Certain density in the roles, functions, strategies, and structures of the police, modern-day policing has become even more multifaceted, being concurrently focused on preventing and responding to "ordinary crime," and now to responding to domestic and international terrorism.

Counterterrorism refers to proactive policies that specifically seek to eliminate terrorist environments and groups. Domestic operations involve coercive use of military, police, and other security forces against domestic threats. Many nations have special units within their police forces that participate in counterterrorist operations.

Knowledge about nature and police counterterrorism strategies is an essential and currently missing component in a contemporary security agenda.

Key words: police, counter-terrorism, special operation forces, contemporary security concepts.

Апстракт: Полицијата денес се соочува со голем број на тактички предизвици кои, иако не се нови, бараат еволуирање на операционен одговор.

Во новиот милениум, полицијата низ целиот свет постепено сé повеќе презема современа безбедносна улога, преку која би можело да се очекува дека полицијата треба

да брзо да се менува за да одговори на новите предизвици и да се справи со современите безбедносни закани.

Овој труд се обидува да одговори на прашањето "Која е улогата на полицијата за борба против тероризмот?" Преку многубројните улоги, функции, стратегии и структури, полицијата во современи услови стана уште повеќеслојна, истовремено фокусирана и на превенција и на одговор на лесните кривични дела, и истовремено одговорна за спротивставување на внатрешниот и на меѓународниот тероризам.

Борбата против тероризмот се однесува на проактивни политики кои конкретно се обидуваат да се ликвидира терористичкото опкружување и терористичките групи. Домашните операции вклучуваат употреба на сила од војската, полицијата, и другите безбедносни сили против внатрешните закани. Многу нации имаат посебни единици во рамките на полициските сили кои учествуваат во антитерористички операции.

Сознанието за природата на полициските стратегии за борба против тероризмот е суштинска компонента која недостасува во современата безбедносна агенда.

Клучни зборови: полиција, борба против тероризмот, сили за специјални операции, современи безбедносни концепти.

INTRODUCTION

While it is not necessary to define terrorism, it is necessary to state what we mean by counterterrorism. Counterterrorism will be used as a synonym for high policing, that is, it will refer to the covert activities of intelligence gathering and disruption directed against people considered to be terrorists. Counter-terrorism is a complex and multifaceted subject that encompasses a host of different strategies for dealing with violent extremism. Its central purpose can be described as devising methods and policies to cause non state groups that employ [terrorism] to stop using violence to achieve their political objectives (Art and Richardson, 2007).

Counterterrorism can be criminological analyzed as a matter of social control, including various mechanisms and institutions that define and respond to terrorism (Costanza and Associates, 2009: 91-115). The most formal component of social control is represented by the criminal justice system, including its agents and organizations, such as the police. In the realm of social control and criminal justice, the counterterrorism activities of police have been of growing importance (Brandl, 2007).

When we speak of police, we will be referring to agencies of law enforcement that operate exclusively within a country. This stipulation is necessary in order to distinguish police from the military whose unique responsibility is to protect countries from external threats. We will also confine our examination of terrorism's impact only to the public police, that is, to agencies of law enforcement that are authorized and maintained by government (Bayley, 1985).

Although there is debate that the police should not be involved in counterterrorism, their precise role is unclear and indeed controversial. Some are concerned that expanding the police role in counterterrorism will change the character of policing in democratic states. In particular, that police will emphasize covert prevention of terrorism to the neglect of publicly visible policing of individual criminal victimization (Kempa and Associates, 2004: 562-581). Policing of this kind has been called "high policing" (Brodeur, 1985).

High policing has two distinguishing features – its substantive focus and its methods. High policing targets what might be called macro-crimes, that is, crimes that are considered threats to society in general, such as drug trafficking and an illegal immigration, as opposed to micro-crimes that affect only individuals (Bayley, 2006). In high policing, prevention is the key objective, utilizing the tactics of covert intelligence gathering, surveillance, and disruption.

"Low-policing," by contrast, emphasizes prevention through visible patrolling and deterrence through the application of criminal law.

High policing differs sharply from the standard practices of normal or "low" policing because it is less transparent, less accountable, and less careful with respect to human rights (Thacher, 2005: 635-676). In general, high policing encourages a top-down command structure and changes the orientation of police from servicing to controlling the population.

At the same time, other analysis explains that full-service or general-duties policing should play a large role in counterterrorism, indeed, that it has unique advantages in a war on terror that should be exploited (Kelling and William, 2006). For example, general-duties policing provides unprecedented access to communities. Properly focused, it can obtain information about activities that are the precursors of terrorism. Furthermore, by being responsive to the mundane concerns of individuals, it raises the likelihood that the public will assist the police by providing information or accepting direction in the event of disasters. More particularly, routine policing can build bridges to communities that may shelter or give rise to terrorists. In short, the activities of low policing are not a distraction from counterterrorism but an essential "force multiplier."

So two questions about the future of policing arise out of the new emphasis on counterterrorism post 9/11. First: what has happened to policing since 9/11? In particular, has high policing replaced low policing? Second: what is the appropriate role for uniformed, full service policing in counterterrorism? Should it undertake high policing? What are the advantages and disadvantages of doing so?

It is impossible to say with confidence whether the war on terrorism has changed the character of policing in developed democracies, in particular whether high policing has significantly impacted low policing. The evidence is fragmentary and impressionistic. It appears that specialized capabilities, especially for intelligence gathering and analysis, have been augmented in all countries. It is not at all clear how much traditional frontline policing in the form of uniformed patrol, response to calls-for-service, and criminal investigation has been.

There is impression is that general policing has been affected most in Israel and least in the United States. Great Britain seems to have adapted its policing more to the requirements of counterterrorism due largely to the terrorism associated with the "troubles" in Northern Ireland during the last 35 years. Australia, Canada, and New Zealand, cluster toward the American end of and India tends more to the intermediate position. Countries in Western Europe range somewhere in the middle of this continuum.

